Врз основа на член 72 од Законот за концесии и другивидови на јавно приватно партнерство (“Службен весник на РМ” бр. 7/2008,139/2008,64/2009,52/2010), Советот на Општина Крива Паланка, на XXX седницата на Совет одржана на ден 15.07.2011 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за избор на најповолен понудувач

1.Понудата заведена под бр.08-1503/3 од 12.07.2011 година на понудувачот **Трговско друштво за градежништво инжинеринг трговија и услуги МИЈОЛИ ДОО увоз –извоз Скопје** , се избира за најповолна понуда за доделување на договор за Јавно приватно партнерство : Изградба на административно–деловен објект “Мала зграда“ Су+Пр+2 , по основ јавен повик бр.02/2011 објавен на официјалната веб страна на Општина Крива Паланка, во „Сл.Гласник на Општина Крива Паланка бр. 07/2011 „ во ,Службен весник на РМ бр.78/2011 „и во дневен весник „Нова Македонија„ од 08.06 2011 година. .

2.Правата и обврските помеѓу јавниот партнер и приватниот партнер во врска со предметот да се уредат со посебен договор.

3.Договорот да се склучи во рок од 180 дена од денот на донесување на Одлуката за избор на најповолен понудувач.

4.. Советот на Општина Крива Паланка го овластува Градоначалникот да го потпише Договорот и да ја следи реализацијата на договорот

5. Одлуката за избор на најповолен понудувач да се објави во Сл. Весник на РМ.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 26,28 и 89 од Законот за концесии и другивидови на јавно приватно партнерство (“Службен весник на РМ” бр. 7/2008, 139/2008, 64/2009 ,52/2010 ),Советот на Општина Крива Паланка, донесе Одлука бр. 07-1001/27 од 15.04.2011 година, за започнување на постапка за јавно приватно партнерство за изградба на администртивно –деловен објект „Мала – зграда„Су+Пр+2„ со површина од 1.012м2 .

Сочласно член 37 од Законот за концесии и другивидови на јавно приватно партнерство (“Службен весник на РМ” бр. 7/2008,139/2008,64/2009,52/2010) Грдоначалникот на Општина Крива Паланка со Одлука бр.08-1142/1 од 20.04.2011 година формира Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство која Комисија изработи тендерска документација за доделување на договор за јавно приватно партнерство .По одобрување на тендерската документација од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка со Одлука бр.08-1142/2 од 05.05.2011 година Комисијата објави Јавен Повик 02/2011. Согласно член 32 од Законот за концесии и другивидови на јавно приватно партнерство (“Службен весник на РМ” бр. 7/2008,139/2008,64/2009,52/2010),јавниот повик се спроведе со отворена постапка која беше објавен на официјалната веб страна на Општина Крива Паланка, во „Сл.Гласник на Општина Крива Паланка бр.07/2011 , „ во ,Службен весник на РМ бр.78/2011 „и во дневен весник „Нова Македонија„ од 08.06.2011 година.

Проценетата вредност на јавното приватно партнерство изнесува 33.312.011,00 денари или (541.658 Евра ). Јавното приватно партнерство ќе се реализира со заедничка градба при што Општина Крива Паланка стекнува право на сопственост на 46,5 % додека приватниот партнер стекнува сопственост од 53,5 % .

Комисијата за доделување на договорот за јавно приватно партнерство на Општина Крива Паланка, го спроведе јавното отворање на понудите на ден 12.07.2011 година во 13:00 часот, при што констатира дека до Комисијата е доставена една понуда од заинтересиран приватен партнер и истата е доставена во законски предвидениот рок, заклучно со 12.07.2011 година до 13:00 часот и утврди дека ковертот не е обележен ниту оштетен..

Комисијата состави Записник дел. бр.08-1503/4 од 14.07.2011 г и извештајот од спроведената постапка и евалуација со податоците за елементите на понудата кои се читаат на отворањето на понудите

За критериумот висина на надоместокот по м2 кој општината ќе му го плаќа на приватниот партнер :

**Трговско друштво за градежништво инжинеринг трговија и услуги МИЈОЛИ ДОО увоз –извоз Скопје доби 35 бода**

За критериумот временскиот период на плаќање на истиот, искажан во месеци

**Трговско друштво за градежништво инжинеринг трговија и услуги МИЈОЛИ ДОО увоз –извоз Скопје доби 35 бода**

За критериумот времетраење на изведувањето на градежните работи

**Трговско друштво за градежништво инжинеринг трговија и услуги МИЈОЛИ ДОО увоз –извоз Скопје доби 20 бода**

За критериумот динамика на плаќање (месечно, квратално или годишно) на надоместокот

**Трговско друштво за градежништво инжинеринг трговија и услуги МИЈОЛИ ДОО увоз –извоз Скопје доби 10 бода**

По собирањето на бодовите од бодирањата по наведените критериуми, вкупното бодирање изгледа вака :

**Трговско друштво за градежништво инжинеринг трговија и услуги МИЈОЛИ ДОО увоз –извоз Скопје доби 100 бода**

По извршениот преглед врз основа на критериумите и бодирањето, Комисијата даде предлог за најповолна понуда да биде изберена понудата заведена под дел.бр. 08-1503/3 од 12.07.2011 година на понудувачот **Трговско друштво за градежништво инжинеринг трговија и услуги МИЈОЛИ ДОО увоз –извоз Скопје** бидејќи има освоено најголем број на бодови според евалуацијата на сите четири критериуми .

По целосно извршената проверка на документацијата и понудите, а согласно со утврдените критериуми за најповолен понудувач по предлог на Комисија за спроведување на постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство , Советот на Општина Крива Паланка донесе Одлука како во диспозитивот.

**Правна поука:** Незадоволниот учесник во постапката за избор на најповолен понудувач може д заведат управен спор во рок од 15 дена од денот на доставување на оваа Одлука.

Бр.07-1843/3<br>15.07.2011 год<br>Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА<br>Претседател<br>Милка Митовска